Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-2/2
**8.1.2025, Скопје**

За потребите на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. IPA/III/2024/460-717 од 25.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

# ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 1/2025

## за ангажирање на правник за следење на рочишта пред Управниот суд

## I. НАСЛОВ НА ПРОГРАМАТА

„Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025"

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

**Број на предвидени работни денови:** 70
**Почеток на договорот:** јануари 2025
**Крај на договорот:** декември 2025
**Место:** Скопје

## III. ПОЗАДИНА

„Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025" е програма чијашто генерална цел е подобрување на пристапот до правда за сите, особено за ранливи и маргинализирани група граѓани во Северна Македонија. Специфични цели на програмата се:

1. Да се олесни заштитата од дискриминација на маргинализираните групи на луѓе преку обезбедување бесплатна правна помош;
2. Подигнување на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права;
3. Да се подобри пристапот до правдата на граѓаните преку следење на релевантните институции со помош на анализа базирана на докази; и
4. Залагање за соодветно законодавство и политики во однос на човековите права и владеење на правото во согласност со правото на ЕУ.

Програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025" е финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА програмата за граѓанско општество и медиуми 2023.
Програмата е реализиран од Институтот за човекови права.

**Институтот за човекови права** (ИЧП) е главниот спроведувач на програмата и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од

земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

## IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е следење на рочишта пред Управниот суд на предмети кои се однесуваат на права од социјална заштита, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

Конкретната цел на задачата е да се следат минимум 70 рочишта пред Управниот суд. Оваа задача вклучува правење селекција на предмети и рочишта кои ќе се следат, во координација и консултација со тимот на ИЧП. Правникот, заедно на тимот на ИЧП, треба да одбере предмети за следење кои се однесуваат на различни социјални права како што се: надоместоци за невработеност, надоместоци за здравствено и пензиско осигурување, семејна пензија и други социјални права. Врз основа на ова следење, ќе се изработи два мониторинг извештаи (еден полугодишен и еден годишен) за работата на Управниот суд и заштитата на човековите права. Дополнителни информации за овој извештај треба да се соберат и од веб страницата на Управниот суд и преку барања за слободен пристап на информации од јавен карактер.

**Задачи и обврски:**
Во координација со Програмскиот менаџер и тимот на ИЧП, правникот ќе:

1. Одбере рочишта/предмети за следење
    - предмети кои се однесуваат на различни социјални права како социјална заштита, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, надоместоци за невработеност, надоместоци за пензиско осигурување, семејна пензија и други социјални права.
2. Следи минимум 70 рочишта на Управниот суд
    - Правникот треба физички да е присутен на тие рочишта, да прави белешки за време на самото рочиште и да го известува тимот на ИЧП по секое рочиште преку изготвување на краток записник.
3. Ќе изготви два мониторинг извештаи врз база на следењето на работата на Управниот суд
    - Мониторинг извештаите ќе содржат информации од следењето на рочиштата, од веб страницата на Управниот суд и од барањата за пристап до информации од јавен карактер.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

## V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од ангажираниот правник се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

1. Краток записник за секое рочиште кое е мониторирано и
2. Два мониторинг извештаи за работата на Управниот суд.

**Начин на плаќање**

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок во бруто износ од 50 евра на ден. Плаќањето ќе биде извршено на месечна база, врз основа на бројот на сработени работни денови во месецот.

## VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на програмскиот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП програмскиот менаџер – достапен во текот на целата мисија;
- Во функција на успешно извршување на задачата на правникот ќе му биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Правникот ќе работи во координација и под директен надзор на програмскиот менаџер и, по потреба, со поддршка од програмскиот тим. Тој ќе бидат во редовна комуникација со програмскиот менаџер во канцеларијата на ИЧП или преку е-маил. Целата комуникација и документите ќе треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права на правникот за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото).

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Временската рамка за реализација на услугата треба да се испорача во период од јануари до декември 2025, со можност за продолжување во зависност од предвидените активности и средства.

Деталниот план за работа и утврдување на предметите кои ќе бидат мониторирани и методологијата која ќе се спроведува ќе биде дополнително креирана во договор со сите членови на тимот.

## VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачата ќе биде во Скопје, во канцелариите на ИЧП или во Управниот суд.

## IX. ВЕШТИНИ

- Развиени интерперсонални и комуникациски вештини, способност за тимска работа.
- Способности за аналитичко размислување, известување и пишување.
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

## X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ПРАВНИКОТ

Образование

- Правник со минимум завршени студии од прв циклус на високо образование во област на правото (180 ЕКТС).

Искуство

- Најмалку 1 години искуство со следење на судски рочишта или други државни институции.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на правникот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

| Критериуми | Максимум поени 100 |
|---|---|
| Образование<br><br>Правни студии од прв циклус = 30 поени<br>Правни студии од втор циклус = 40 поени<br>Правни студии од трет циклус = 50 поени | 50 |
| Искуство<br><br>Од 1 до 3 години = 30 поени<br>3-6 години = 40 поени<br>Повеќе од 6 години = 50 поени | 50 |

**Доколку има потреба, кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју пред да биде направена финалната селекција.**

## XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните понудувачи се поканети да ги достават следните документи:

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство.